ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 27 – 150/10

Дата: 27.11.2012

ДО
ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА НЕГОРЦИ
КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Психијатриска болница – Негорци (во натамошниот текст – Психијатриска болница) на фондовска сметка за 2011 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Психијатриска болница за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е негативно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење со резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2011 година.

Психијатриската болница функционира во услови на воспоставена сопствена економија, односно сопствено производство на сточна храна и храна наменета за пациентите во болницата , како и одгледување на свињи како основно стадо. Сопственото производство и основното стадо не се евидентирани во сметководствената евиденција и во финансиските извештаи. Исто така, одговорниот сметководител нема воспоставено материјална и сметководствена евиденција за лековите и медицинските материјали. Постојаните средства не се целосно опфатени со пописот, со што нецелосно е извршено усогласување на фактичката со сметководствената состојба.

Наведеното може да има влијание на реално и објективно искажување на средствата во Билансот на состојба.

Ревизијата препорачува да се преземат мерки за воспоставување на материјална и сметководствена евиденција на постојаните средства, лековите и медицински материјали и целосно да се врши попис на сите средства искажани во Билансот на состојба, со усогласување на фактичката со сметководствената евиденција.

Согласно одредбите од член 68-а од Законот за здравствена заштита, Фондот за здравствено осигурување на Македонија како купувач на здравствени услуги склучил договор со Психијатриска болница во кој се регулирани прашањата за начинот на фактурирање на извршените услуги и начинот на плаќање на истите. За 2011 година Психијатриска болница има извршено здравствени услуги на товар на Фондот во износ поголем за 2.319 илјади денари во однос на договорениот лимитиран износ и истите се сторнирани, односно не се признати како побарувања кои треба да се наплатат во наредниот период. Наведеното има влијание врз финансиската состојба на Психијатриска болница, особено во услови на ненаплатени побарувања од Министерството за здравство по основ на извршени здравствени услуги согласно програмите.

Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани од страна 15 до 17 заедно со ревизија на усогласеност на Психијатриска болница на фондовската сметка кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Психијатриска болница за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Психијатриска болница застапувана од:

- Д-р Петар Кангов, в.д. директор од 20.08.2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Психијатриската болница се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.09.2012 до 28.09.2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Психијатриска болница за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Психијатриска болница на ден 26. 09. 2012 година.

Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

### 4.1. Интерни контроли

#### Процес на набавки и плаќање

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на набавки и плаќање констатирано е дека не се воспоставени пишани процедури за прием, заведување и распоредување на документацијата, што не е во согласност со член 5 од Законот за јавната внатрешна финансиска контрола. Исто така, не постои разграничување на должностите и одговорностите при набавка, како и при евидентирање на финансиската документација.

Невоспоставените пишани процедури и не дефинираните надлежности и одговорности на лица за контрола создаваат ризик од ненавременост, некомплетност и неточност на трансакциите евидентирани во трговските книги.
Нецелосното разграничување на должностите и на одговорностите се должи помеѓу останатото и заради недостиг на човечки капацитет, за кое одговорното лице на болницата на неколку пати во изминатиот период има поднесено барање за вработување до Министерството за здравство.

Ревизијата не дава препорака поради тоа што во текот на 2012 година се донесени:

- Процедура за канцелариско и архивско работење со кој се уредува приемот, заведување и распоредување на актите.
- Процедура за набавка, евидентирање на влезни фактури, плаќања, и систем на залихи.

**Процес на јавни набавки**

4.1.2. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки констатирано е дека не се донесени пишани процедури за начинот на планирање и спроведување на јавните набавки, што не е во согласност со член 5 од Законот за јавната внатрешна финансиска контрола. За следење на реализацијата на количините и цените не е назначено лице, што не е во согласност со член 29 точка 2 од Законот за јавни набавки кој е со примена во 2011 година. Констатираната состојба го зголемува ризикот од нецелосно следење на реализацијата на склучените договори.

Ревизијата не дава препорака поради тоа што во текот на 2012 година е донесена Процедура за начинот на планирање, спроведување и реализација на јавните набавки и воспоставување на контроли на следење на доделените договори за јавни набавки.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во рамките на Психијатриската болница е организирана економијата за одгледување на свињи (приплод и товење), производство на храна за добиток и одгледување на земјоделски производи наменети за потребите на пациентите, без претходно да биде регистрирана кај Агенцијата за храна и ветеринарство, што не е во согласност со член 50 од Законот за безбедност на храната. Функционирањето на економијата исто така не е опфатена како дејност во член

9 од Статутот на Психијатриската болница, односно не е побарано од Министерството за здравство проширување на дејноста. Во одгледувањето на свињи во рамките на економијата работно се ангажирани и пациентите согласно Законот за ментално здравје, а колењето на свињите го врши лице ангажирано по договор за дело - касап со здравствена картичка. Со ревизијата е констатирано дека не се врши мерење на живата стока, а добиените количини на месо се користат за потребите на кујната за исхрана на пациентите без претходно да се потврди со здравствен печат за безбедност на храната, што не е во согласност со член 63 од Законот за безбедност на храната. Наведеното не овозможува реално искажување на производите и може да влијае на безбедноста на исхрана на пациентите.

**Препорака:**

Одговорното лице на Психијатриската болница да побара од надлежните институции согласност за проширување на дејноста и обавување на истата, согласно законската регулатива.

### 4.3. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

4.3.1. Психијатриска болница располага и функционира во објекти превземени и евидентирани врз основа на делбениот биланс од Медицински центар Гевгелија. На ставката Градежни објекти во Билансот на состојба искажан е износ од 31.047 илјади денари за кои не постои документ како доказ за сопственост, што не е во согласност на одредбите од член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и сметководствените начела, според кои внесувањето на податоците во деловните книги треба да се заснова врз веродостојни и вистинити сметководствени документи.

Исто така, на ставката Земјиште во Билансот на состојба искажан е износ од 695 илјади денари кое се однесува на земјиштето кое Психијатриска болница го користи, а според имотните листови сопственик е Република Македонија. Психијатриска болница нема доставено известување до Министерството за финансии – Управата за имотно-правни работи, по кое Министерот за финансии ќе даде предлог на Владата на РМ за давање на користење на земјиштето кое го користи, што не е во согласност со членовите 26 и 27 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

Во текот на 2010 и 2011 година одговорното лице на Психијатриска болница има покренато постапка за легализација на бесправно изградените објекти. Од страна на Комисијата за легализација во општина Гевгелија се изготвени Решенија за легализација по кои е покрената постапка за запишување на објектите во катастарот на недвижности.

Според укажувањата на одговорното лице, причина за неблаговремено решавање на имотната сопственост е заради не спроведена или неправилно спроведена експропријација на земјиште од физички лица во минатите години.

4.3.2. Со увид во пописниот елаборат за извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските за 2011 година, констатирани се состојби кои не се во согласност со член 19 и член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, член 11 и член 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- Опремата во вкупен износ од 3.856 илјади денари не е обележана со инвентарни броеви заради нивна идентификација. Пописните листи не ги содржат потребните податоци: набавна вредност, стапка на амортизација, износ на пресметаната амортизација, акумулираната амортизација, ревалоризација и сегашната вредност на постојаните средства и не се потпишани од членовите на пописната комисија;
- По извршениот попис на постојаните средства од страна на пописната комисија не е изготвен рекапитулар и не е извршено усогласување помеѓу фактичката и сметководствената состојба;
- Пописот не се внесува во програмата и не се врши усогласување со материјалната евиденција и со состојбата на постојаните средства во Билансот на состојба;
- Со програмата на постојаните средства не е овозможено да се врши пресметка на ревалоризација на набавната и отпишаната вредност, при што во 2010 и 2011 година не е искажано вредносно усогласување (ревалоризација) во Билансот на состојба;
- Не се врши попис на постојаните средства добиени како донација, односно истите се без утврдена вредност и не се искажани во Билансот на состојба;
- Не е извршен попис и не е воспоставена евиденција на основното стадо која се одгледува во рамките на економијата организирана од Психијатриската болница и истите не се искажани како Основно стадо во Билансот на состојба.
- Не е целосно извршен попис на залихите во вкупен износ од 1.531 илјади денари. Пописните листи на лековите и медицински материјали во износ од 1.096 илјади денари не се потпишани од членовите на пописната комисија.

Пописот се врши врз основа на лагер листа со познати количини и истиот не се внесува во програмот, поради што не се утврдени разлики помеѓу фактичката и сметководствената состојба;

- Не е извршен попис и не е воспоставена материјална и финансиска евиденција на лекови и медицински материјали со соодветно задолжување и раздолжување по организациони единици (одделенија).
- Не е воспоставено автоматско поврзување на материјалната евиденција на лековите и медицинските материјали од аптека и организационите единици – одделенија.

Во текот на 2012 година од страна на Психијатриската болница донесени се Политики за начинот на постапување и документирање на работата на пописните комисии, при вршење на попис на средствата обврските и побарувањата.

Нецелосно спроведениот попис и неизвршеното усогласување на сметководствената евиденција и фактичката состојба, влијае на реално и објективно искажување на податоците и потврдување на искажаните средства во Билансот на состојба на ден 31 декември.

**Препорака:**

Одговорното лице да преземе мерки за воспоставување на целосна материјална и сметководствена евиденција на постојаните средства, лековите, медицинските материјали со соодветно задолжување и раздолжување по организациони единици (одделенија) и да се врши попис на сите средства искажани во Билансот на состојба, со усогласување на фактичката со сметководствената евиденција.

4.3.3. Во Психијатриската болница воспоставена е единствена сметководствена евиденција за сметководствени трансакции за двете сметки, фондовската и сопствената. Податоците во бруто билансот се искажани збирно за двете сметки, односно Билансот на состојба за фондовската сметка ги содржи и податоците за сметката за сопствени средства. Имено, побарувањата од Министерството за здравство во износ од 17.073 илјади денари и вишокот на приходи над расходи во износ од 69 илјади денари се искажани во финансискиот извештај за фондовската сметка, а не на сопствената сметка. Констатираната состојба не е согласно одредбите од член 3 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и член 16 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, според кои буџетските

корисници се должни да воспоставаат сметководствена евиденција за секоја пропишана сметка и за истите да изготват финансиски извештаи.

Наведеното предизвикува нереално искажување на сметководствените трансакции и нереално искажување на билансните позиции во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорното лице да воспостави сметководствена евиденција и да изготвува финансиски извештаи за секоја сметка отворена во трезорот на Фондот за здравствено осигурување.

## 4.4. Користење на средства согласно законски прописи

4.4.1. Психијатриската болница во текот на 2011 година од ставката Други не споменати договорни услуги врз основа на склучени договори на дело извршила исплата во вкупен износ од 2.013 илјада на физички лица ангажирани за извршување на работни задачи, спротивно на одредбите од Законот за работни односи. Поради неможност за вработување на лица во редовен работен однос, ангажирани се лица за вршење на здравствени услуги-болничари и медицински сестри; за извршување на работа во кујна и перална; архивар фактурист и економист; за градежни, месарски и водоинсталатерски работи и за инсталација на електрична мрежа.

Заради наведеното ангажирани се лица по договор за дело, што не е во согласност со законските прописи и не е овозможено остварување на правата од работен однос, односно право на пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување.

Ревизијата не дава препорака заради тоа што во минатиот период одговорното лице има доставено неколку барања до Министерството за здравство за обезбедување на согласност за вработување на лица во редовен работен однос.

4.4.2. При увидот во начинот на спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2010 година и 2011 година ревизијата констатира дека Психијатриска болница не врши следење на реализацијата на количините и цените по склучените договори, што не е во согласност со член 29 точка 2 од Законот за јавни набавки, кој е со примена во 2011 година. Во текот на ревизијата од страна на Психијатриска болница изготвен е Преглед на податоци за реализација на набавките по склучените договори, при што

ревизијата утврди надминувања на вредноста на склучените договори во вкупен износ од 1.373 илјади денари и тоа за: набавки на стоки за зрнеста житна храна, прехранбени производи, железарија и градежни материјали (прилог Преглед бр.1).

Поради горе наведените недоследности Психијатриска болница не обезбедува целосна транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договорите за јавни набавки, ефикасно искористување на средствата во постапките, како и следење на реализацијата за условите утврдени во договорите за јавни набавки.

**Препорака:**

Вработените одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки, доделувањето на договорите за јавни набавки и реализација на набавките по склучените договори континуирано да ги превземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби и да обезбедат законско постапување во процесот на јавни набавки.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Психијатриска болница Негорци, на ден 31.12.2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2., 4.3. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Психијатриска болница Негорци, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Согласно одредбите од член 68-а од Законот за здравствена заштита, Фондот за здравствено осигурување на Македонија како купувач на здравствени услуги склучил договор со Психијатриска болница во кој се регулирани прашањата за начинот на фактурирање на извршените услуги и начинот на плаќање на истите. Имајќи го предвид износот во склучениот договор кој претставува ограничување на средствата кои се очекуваат да се добијат од Фондот за здравствено осигурување на Македонија и износот на вкупната реализација искажана во фактурите и во месечните извештаи, ревизијата констатира дека не се работи за вистинско купување на извршените здравствени услуги. Наведеното предизвикало до влошување на финансиската состојба на Психијатриска болница, особено во услови кога има многу ненаплатени побарувања од Министерството за здравство по основ на извршени здравствени услуги согласно програмите. За 2011 година Психијатриска болница има извршено здравствени услуги на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во износ поголем за 2.319 илјади денари во однос на договорениот лимитиран износ.

6.2. Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Министерството за здравство извршило распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата, во обем на одобрените средства од Буџетот на Република Македонија за тековната година. Во отсуство на пишани критериуми и утврдена постапка за распределба на финансиските средства по програми, истите се одобруваат во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи.

Наведената состојба оневозможува:

- транспарентна распределба на средствата на поединечните јавни здравствени установи;
- сообразување на преземените активности и одобрените средства по програми поради што наплатата на побарувањата по наведените основи од Министерство за здравство не може да се изврши во целост;
- остварување на целите по програми.

На ден 31.12.2011 година Психијатриска болница има ненаплатени побарувања од Министерството за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 17.019 илјади денари.

**7. Нагласување на прашања на неизвесност**

7.1. Согласно меѓународниот стандард за ревизија 705 – Модификација на извештајот на независниот ревизор, се додава пасус за нагласување на прашање кое влијае на финансиската состојба, но истиот нема влијание на ревизорското мислење.

Во текот на 2011 година извршено е реновирање и доградба на Одделението за алкохолизам и други болести на зависност финансирано од страна на Министерството за здравство. Градежните работи на објектот се завршени во 2011 година, но се уште нема извршено технички прием и не е евидентиран во сметководствената евиденција како инвестиции во тек, поради не обезбедени податоци за вредноста на инвестицијата, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Неевидентираните инвестиции во тек влијае на реално и објективно искажување на Билансот на состојба.

Заради надминување на наведената состојба потребно е да се обезбеди податоци од Министерството за здравство за вредноста на инвестицијата.

7.2. Во врска со новите референтни цени на пакетите за болнички ден и дневни болници, објавени во „Службен весник на Р.М." број 181 од 2011 година, а со примена од 2012 година, одговорното лице на Психијатриска болница, заедно со одговорните лица на останатите две психијатриски болници во Скопје и Демир Хисар со допис се обратиле до Министерството за здравство и до Фондот за здравствено осигурување на Македонија заради заедничко разгледување на објавените референтни цени и влијанието на истите врз работењето на јавните здравствени установи. Имено, според пресметките за цената на чинење при хоспитализација на пациентите и за дневно болничките пациенти, новите референтни цени не можат да ги надоместат трошоците на јавните здравствени установи. Истовремено, примената на овие референтни цени не се совпаѓа со претходно донесената Одлука на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, со која за Психијатриска болница е утврден буџет за 2012 година во износ од 54.000 илјади денари, а со пресметките за примената на новите референтни цени ќе се намали износот на фактурираната реализација, што ќе има влијание при утврдување на наредните буџети на Психијатриска болница.

7.3. Прифатени и коригирани неправилности од страна на Психијатриската болница во текот на ревизијата:

- Извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2012 година и изработен е налог со кој е извршено зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за износ од 1.280 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции.

**ЈЗУ Психијатриска болница Негорци**
**фондовска сметка**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 57,169 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **57,169** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 29,813 | 0 |
| Стоки и услуги | 19,622 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **49,435** | **0** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 7,734 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **7,734** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **57,169** | **0** |

## ЈЗУ Психијатриска болница Негорци
## фондовска сметка
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 69 | 286 |
| Побарувања | 17,073 | 10,817 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4 | 4 |
| Побарувања од вработените | 10 | 27 |
| Побарувања од државата и други институции | 7 | 7 |
| Активни временски разграничувања | 6,626 | 7,529 |
| Залихи | 1,530 | 982 |
| **Вкупно тековни средства** | **25,319** | **19,652** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 695 | 695 |
| Материјални средства | 26,122 | 20,443 |
| **Вкупно постојани средства** | **26,817** | **21,138** |
| **Вкупна актива** | **52,136** | **40,790** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 3,991 | 7,592 |
| Финансиски и пресметковни односи | 102 | 102 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 7 | 29 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2,484 | 2,526 |
| Пасивни временски разграничувања | 17,205 | 11,001 |
| **Вкупно тековни обврски** | **23,789** | **21,250** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 28,347 | 19,539 |
| Ревалоризациона резерва | 0 | 1 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **28,347** | **19,540** |
| **Вкупна пасива** | **52,136** | **40,790** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

**ЈЗУ Психијатриска болница Негорци**
**фондовска сметка**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | **18,062** | **1,478** | **19,540** |
| **Зголемување по основ на:** | **12,023** | **16,640** | **28,663** |
| Набавки | 8,947 | 16,640 | |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | 3,076 | | **3,076** |
| **Намалување по основ на:** | **3,268** | **16,588** | **19,856** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Амортизација | 1,829 | | **1,829** |
| Потрошок на залиха | | 16,093 | **16,093** |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | 1,439 | 495 | **1,934** |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **26,817** | **1,530** | **28,347** |